За потребите на проектот „Иницирање програми за учење за возрасни за вештачка интелигенција“ финансиран преку Erasmus+ програмата, KA220-ADU – Партнерства за соработка во образованието за возрасни, од страна на Европската Унија, Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис објавува:

**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ**
**за изработка на курикулум за писменост во областа на вештачката интелигенција за даватели на образование за возрасни и обучувачи и спроведување обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT)**

## 1. За проектот

Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, во партнерство со Connect International (Белгија) и Curiosité - Centre de Formation (Франција), го спроведува проектот „Иницирање програми за учење за возрасни за вештачка интелигенција“, финансиран од страна на Европската Унија преку Erasmus+ програмата, KA220-ADU - Партнерства за соработка во образованието за возрасни.

Вештачката интелигенција (ВИ) станува клучен фактор во еволуцијата на работните места и професионалните профили. Во овој контекст, програмите за образование за возрасни треба суштински да ги интегрираат темите поврзани со ВИ со цел да се поддржи прилагодувањето кон пазарот на труд, да се унапредат ефикасноста и продуктивноста, како и да се адресираат етичките аспекти и аспектите поврзани со човековите права во дигиталното опкружување. Проектот директно придонесува кон поширокиот процес на дигитална трансформација преку зајакнување на дигиталната подготвеност, отпорноста и капацитетите на возрасните ученици, препознавајќи дека писменоста во областа на ВИ е во срцта на современите процеси на дигитализација и автоматизација.

Преку обезбедување на суштински знаења и практични вештини поврзани со ВИ, проектот има за цел да ја унапреди способноста на возрасните ученици продуктивно да користат ВИ алатки, како и да ја зголеми нивната свесност за ризиците, предизвиците и заканите кои можат да бидат засилени преку употребата на ВИ. Преку сеопфатни андрагошки образовни алатки, проектот ја зајакнува писменоста за ВИ кај учесниците, овозможувајќи им подобро да ги разберат ВИ технологиите и да ги применуваат одговорно и критички во нивниот професионален и секојдневен живот. Образованието за возрасни е поставено во центарот на овој процес, бидејќи е особено добро позиционирано да допре до оние кои најсилно го чувствуваат дигиталниот јаз.

Во исто време, проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите на едукаторите за возрасни, овозможувајќи им одговорно да воведуваат и дискутираат за употребата на ВИ алатки во рамки на

нивната образовна пракса, да иновираат и соработуваат, како и да промовираат почитување на човековите права во дигиталната средина. Проектот директно ја поддржува имплементацијата на клучните европски политики, вклучително и Законот за вештачка интелигенција (AI Act) и Законот за дигитални услуги (Digital Services Act) на ЕУ, како и Конвенцијата за ВИ на Советот на Европа, во секторот на образование за возрасни.

Проектот има за цел унапредување на писменоста во областа на вештачката интелигенција кај возрасните ученици и во секторот за образование за возрасни. Поточно, проектот се стреми кон: овозможување на давателите на образование за возрасни да вклучат теми поврзани со вештачка интелегенција во нивните редовни образовни програми и активности; оспособување на возрасните ученици (граѓаните) за користење на ВИ алатки преку иновативни програми за образование за писменост во областа на ВИ; и обезбедување насоки за политики и спроведување активности за застапување со цел поддршка на воведувањето содржини за писменост во областа на ВИ во образованието за возрасни.

За да се постигнат овие цели, во рамките на проектот ќе биде развиен курикулум за писменост во областа на вештачката интелигенција за даватели на образование за возрасни и едукатори, на англиски јазик, придружен со обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT) за поддршка на неговата практична примена, одржана на англиски јазик. Дополнително, курикулумот ќе биде адаптиран во практичен прирачник (toolkit) и онлајн курс за учење (e-learning), дизајнирани во лесно применлива форма и промовирани кај даватели на програми за образование за возрасни, како што се технички и компјутерски центри за обука во сите три земји-учеснички, како и на европско ниво. Овие резултати имаат за цел да ја зголемат релевантноста на образованието за возрасни во надминувањето на дигиталниот јаз и во промовирањето одговорна и критичка употреба на вештачката интелигенција.

## 2. Предмет на повикот

Предмет на овој повик е ангажирање на експерт/ка или тим експерти за:

1. **Дизајн на релевантен и применлив курикулум за образование на возрасни во областа на вештачката интелигенција**, наменет за даватели на образование за возрасни, едукатори и обучувачи, со фокус на примената на ВИ во професионални средини и во приватниот живот;
2. Придонес во процесот на **координација, консултација и проверка на содржината на практичниот прирачник за едукатори (toolkit);** и
3. **Дизајн и спроведување на обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT)** за користење на курикулумот во нивната работа.

## 3. Опис на задачите

### 3.1. Изработка на курикулум

Избраниот/ите експерт/и ќе бидат задолжени за дизајн на релевантен и применлив курикулум за образование на возрасни во областа на вештачката интелигенција, наменет за даватели на

образование за возрасни, едукатори и обучувачи, со фокус на примената на ВИ во професионални средини и во приватниот живот.

Курикулумот треба задолжително да ги содржи следните компоненти:

1. **Насоки за обезбедување усогласеност и преглед на етичките аспекти** предвидени во Законот за вештачка интелигенција (AI Act) и други европски и национални регулативи за ВИ, прилагодени за давателите на образование за возрасни.
2. **Курикулум за интензивен курс** за зајакнување на возрасните ученици во областа на вештачката интелигенција;
3. **Практични активности за образование на возрасни** за зајакнување на учениците за одговорно користење на ВИ во нивната работа и во секојдневниот живот.

Курикулумот треба да биде структуриран во пет (5) секции, од кои најмалку три (3) ќе содржат практични примери применливи директно во програмите за образование за возрасни. Курикулумот не треба да е насочен само кон потребите на образованието за возрасни во Северна Македонија, туку да биде со поширока употребна рамка и приспособлив за употреба во различни контексти.

### 3.1.1. Методологија и пристап

Курикулумот треба да биде развиен со:

- јасно применет андрагошки пристап прилагоден на потребите на возрасните ученици;
- интерактивни и практично ориентирани методи за лесно усвојување на знаењето и вештините;
- јасно дефинирани цели на учење и очекувани резултати кои можат да се користат како ориентација за едукаторите;
- можност за прилагодување кон различни профили на возрасни учесници со различни нивоа на претходно знаење.

Посебно ќе се цени пристап кој овозможува користење на курикулумот и од страна на едукатори без техничка позадина, но со доволна длабочина за професионална примена.

Дополнително, Метаморфозис ќе обезбеди документ со насоки за изработка на курикулумот, кој ќе служи како водич за дизајн, структура, содржина и пристап, со цел да се овозможи максимална применливост и квалитет на наставата за возрасни.

### 3.2. Проверка на содржината на практичниот прирачник за едукатори (toolkit)

Во рамки на ангажманот, избраниот/ите експерт/и ќе придонесат и во процесот на координација, консултација и проверка на содржината на практичниот прирачник за едукатори (toolkit), кој се развива паралелно во рамки на проектот и е тесно поврзан со курикулумот и обуката на обучувачи (Training of Trainers – ToT).

**3.3. Обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT)**

Како дел од ангажманот, избраниот/ите експерт/и ќе учествуваат во подготовка и реализација на обука на обучувачи (ToT), наменета за тренери и едукатори во образованието за возрасни, за користење на курикулумот во нивната работа.

Во ToT ќе учествуваат најмалку 30 лица од Северна Македонија, Белгија и Франција (по 10 од секоја земја).

Обуката ќе се реализира во две фази:

**3.3.1. Почетна обука,** која ќе се одржи во Северна Македонија, во периодот 07 – 10 јули 2026 година (TBC), со фокус на градење капацитети за користење на курикулумот и прирачникот, практична примена на ВИ содржините во образованието за возрасни и подготовка на учесниците за тестирање на курикулумот во нивната работа.

**3.3.2. Обука за консолидација,** која ќе се одржи во Франција, во периодот 08 – 10 декември 2026 година (TBC), со фокус на рефлексија на искуствата од практичната примена на курикулумот и прирачникот, размена на искуства и добри практики, анализа на повратните информации добиени во практичната фаза на учење и унапредување на идната примена на ресурсите.

Избраниот/ите експерт/и ќе имаат улога на водечки обучувачи, во тесна соработка со партнерските организации.

Организацијата на обуките и обезбедување на учесници е обврска на Метаморфозис и партнерските организации.

**4. Очекувани резултати**

- Развиен и финализиран курикулум за образование на возрасни во областа на вештачката интелигенција;
- Дадено мислење за содржината на практичниот прирачник за едукатори (toolkit);
- Реализирани две ToT обуки со најмалку 30 обучени едукатори за возрасни;
- Зајакнати капацитети на едукаторите за самостојно користење и пренесување на курикулумот.

Курикулумот треба да биде изработен на англиски јазик.

**5. Временска рамка**

Активностите и задачите кои треба да бидат покриени се прикажани во табелата во продолжение.

| АКТИВНОСТИ И ЗАДАЧИ | РОК ЗА ДОСТАВА |
|---|---|
| **3.1. Дизајн на курикулум** (на англиски јазик) | Драфт верзија: 31 март 2026<br>Преглед и одобрување: 30 април 2026<br>Финална верзија: 15 мај 2026<br>Лектура: 29 мај 2026 |
| **3.3. Обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT)** (на англиски јазик)<br>**3.3.1. Почетна обука** (во Северна Македонија) | 07 – 10 јули 2026 година (ТВС) |
| **3.3. Обука на обучувачи (Training of Trainers – ToT)** (на англиски јазик)<br>**3.3.2. Обука за консолидација** (во Франција) | 08 – 10 декември 2026 година (ТВС) |

**Напомена:** Временската рамка е подложна на промени согласно со потребите на проектот.

Ангажманот вклучува следствено состаноци со тимот на Фондација Метаморфозис и партнерските организации. Состаноците може да се водат онлајн или во живо.

**6. Услови за пријавување**

Право на учество во овој повик имаат физички лица, индивидуално или во тим, кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Претходно искуство во развој на курикулуми и наставни програми, образование за возрасни, вештачка интелигенција, дигитални технологии, дигитална етика или сродни области (во последните 5 години);
- Одлично познавање на англиски јазик (усно и писмено);
- Познавање на областа ќе се смета за предност;
- Професионален однос и способност за почитување рокови;
- Подготвеност за учество на состаноци и настани поврзани со проектот, онлајн, во земјата и во странство (доколку условите го дозволуваат тоа).

**7. Рок и начин на пријавување**

Заинтересираните понудувачи треба да достават:

1. Кратка професионална биографија/ии на кандидатот/ите врз основа на кои ќе може да се утврди исполнувањето на критериумите наведени во точка 6 од овој повик. Метаморфозис има право да побара докази за секоја квалификација наведена во кратката професионална биографија на кандидатите.
2. Предлог-методологија за изработка на курикулумот за образование на возрасни во областа на вештачката интелигенција, наменет за даватели на образование за возрасни, едукатори и обучувачи, со фокус на примената на ВИ во професионални средини и во приватниот живот.

3. Финансиска понуда која треба да се изготви според образецот даден како Прилог 1 на овој Повик.

Понудите се доставуваат на англиски јазик, по електронски пат на е-адресата: nadica@metamorphosis.org.mk **најдоцна до 25 февруари 2026 година до 16:00 часот**, а насловот на пораката треба да биде: **Понуда за курикулум и ТоТ**.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација.

**8. Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата треба да изнесува најмалку 360 дена од денот на крајниот рок на доставување на понудите за кое времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**9. Појаснување на тендерската документација**

Сите барања за појаснувања на тендерската документација може да се испратат на е-пошта: nadica@metamorphosis.org.mk, најдоцна до 23 февруари 2026 година.

**10. Измена и дополнување на тендерската документација**

Метаморфозис го задржува правото најдоцна три (3) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ја објави измената и ќе ги извести потенцијалните понудувачи кои поднеле барање за појаснување.

Во случај на измена на тендерската документација, Метаморфозис може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање ако постојат оправдани причини за тоа и за тоа ќе направи соодветна објава.

**11. Начин и услови на плаќање**

Плаќањето ќе се изврши на три рати, односно првата рата по доставување на финалната верзија на курикулумот и одобрување од страна на проектниот тим а втората и третата рата по одржувањето на секоја од обуките на обучувачи и одобрување на соодветните mission reports за секоја од трите фази.

**12. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда**

Изборот на најповолна понуда ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда, односно:

| ЕЛЕМЕНТ | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|
| **1. Квалитет на понудата** | |
| • Претходно искуство во развој на курикулуми и наставни програми, образование за возрасни, вештачка интелигенција, дигитални технологии, дигитална етика или сродни области | **25** |
| • Квалитет на предлог-методологијата за изработка на курикулумот за образование на возрасни во областа на вештачката интелигенција, наменет за даватели на образование за возрасни, едукатори и обучувачи, со фокус на примената на ВИ во професионални средини и во приватниот живот | **25** |
| **2. Цена на понудата** | **50** |
| **Вкупно (1+2)** | **100** |

Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бодови (квалитет + цена).

Ќе се оценуваат следните аспекти:

- **Критериум: Претходно искуство**

Претходното искуство во развој на курикулуми и наставни програми, образование за возрасни, вештачка интелигенција, дигитални технологии, дигитална етика или сродни области ќе се оценува преку прикажано преку доставените кратки професионални биографии.

- **Критериум: Квалитет на предлог-методологијата за изработка на курикулум**

Ќе се оценува степенот до кој предложената методологија е јасна, логична, применлива и соодветна на целите на повикот, особено:

- разбирање на целите и целната група,
- јасност и логика на методолошките чекори,
- соодветност на пристапот и методите,
- инклузивност и учество на релевантни чинители и
- механизми за контрола и обезбедување квалитет.

Фондацијата Метаморфозис го задржува правото да не избере понудувач доколку Комисијата одлучи дека ниедна од понудите не ги исполнува критериумите наведени во повикот.

**13. Известување на понудувачите**

До избраниот најповолен понудувач/и ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата. Фондација Метаморфозис го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.